ОЕМУЦ
Св. Наум Охридски
Охрид, Македонија

ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО

ЗА ПЕРИОДОД 2025 ГОДИНА ДО 2029 ГОДИНА



Изработил:

Сашо Недески

ОХРИД 2025

СОДРЖИНА:

Вовед.....3

1.Соработка со компании.....5

2.Обука на наставен кадар и стручни соработници 6

3.Набавка на нагледни средства и помагала, опрема, инструменти, алат, прибор и литература 7

4.Вклучување и учество во проекти 9

5.Изведба на градежни работи и реконструкции.....11

Вовед

Во современите услови на работење, неопходна е мобилизација на креативните и творечките потенцијали на еден поинаков начин од традиционалниот,односно неопходно е градење ефикасни тимови коишто ќе можат да одговарат на предизвиците на техничко-технолошкиот развој и нивните работни задачи.

Самото раководење во современите работни организации, денес не може да функционира без тимската работа. Од раководителите се бара да имаат визија, а за развој да умеат да ги водат вработените.

Значењето на еден функционален тим и тимската координација е многу важна во остварувањето на саканите резултати.Важно е тимот да има индивидуална и тимска визија која ќе е во координација со визијата на организацијата во која работи како и со нејзиниот карактер.

Во образовниот систем квалитетот главно се фокусира на : влезните услови, ресурсите, целите, квалитетот на работа на наставникот, карактеристиките на учениците и процесите.

Квалитетот на работата на едно училиште е директно поврзано со квалитетот на работа на наставникот, квалитетот на програмите, квалитетот на наставата и квалитетот на подучувањето како и резултатите – постигања, ставови и аспирации.

Примената на принципот на тимско работење е одраз на демократската култура. Тимското работење претставува значаен фактор за подобрување на квалитетот на работењето. Притоа,тимската работа ја карактеризираат следниве елементи: сложеноста на работата, повеќедимензионални цели и потреба од различни знаења при извршување на работните задачи, потреба за остварување значајни

резултати, групно наградување, техники и инструменти, креативност, донесување одлуки за консензус, балансирани потреби, континуиран дијалог, висок степен на толерантност, мотивираност и посветеност.

За поефикасна работа во училиштето директорот формира раководен тим кој се состои од следните членови:

- Директор – раководител на тимот
- Помошник директор
- Стручен соработник
- Претседател на стручен актив - машинска струка
- Претседател на стручен актив-електротехничка струка
- Претседател на стручен актив - сообраќајна струка
- Претседател на стручен актив - лични услуги
- Претседател на актив по општообразовна група предмети

Врз основа на приоритетите во процесот на развојното планирање ги утврдив стратешките цели, а од нив развојните и конкретните цели и активности на училиштето во наредните четири учебни години.

Анализирајќи ја состојбата во училиштето од страна на стручните активи како и приоритетите кои произлегуваат од самоевалуацијата на училиштето,произлегува активност кон детална разработка на развојните и конкретните цели со чија реализација ќе се имплементира планот за развој на училиштето и ќе се пристапи кон модернизација на целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето.

1.Соработка со компании

Во изминатиот период остварена е соработка со најголемите компани во Охрид „Костал“ „ЛТХ“ „ОДВ – електрик“ „Магна“ И „ЕВН“, со кои покрај вредните донации што ги добиваме од нив, партнери сме во паралелките за дуално образование, Техничар за индустриска мехатроника, Техничар за производно машинство, Електротехничар енергетичар. Со формирањето на овие паралелки се зголеми рејтингот и реномето на нашето училиште, а бројот на ново запишани ученици од година во година е се поголем во сите струки ио профили.

На сличен начин се формираа паралелки во дуално образование во сите струки и скоро во сите профили, а партнери од стопанскиот сектор се скоро сите компании и фирми во нашето опкружување, како на пример „ДАС-Инженеринг“„Братство инокс“„Андрос“„Мегасеф“„Микротек“„ГМК технологија“„Сматекс Мк“ и повеќе козметички студија, автосервиси и автомото друштва.

Секако остануваме отворени за соработка и со други компании во нашето опкружување.

Во периодот кој следува посебно внимание ќе се посвети кон подобрување и унапредување на соработката со невладини организации, еколошки здруженија, Црвен крст и младински организации.

2.Обука на наставен кадар и стручни соработници

Обучувањетона наставниците и стручните соработници за„Создавање на позитивна клима во училиштето“претставува приоритет и главна цел за подобрување на квалитетот на соработка и комуникација на различни нивоасо што ќе се создаде мотивирачка клима за работа и соработка која ќе резултира со зголемување на квалитетот на изведување на наставата, подобрување на соработката меѓу наставник-наставник и наставник-ученик.

Користење на нови методи и техники за вреднување и оценување на знаењата и способностите на учениците од страна на наставниците и стручните соработници.Подобрувањето на начинот на следење, евидентирање и евалуирање на постигнатите резултати на учениците, кое после изведената обука,ќе придонесе во зголемувањето на мотивацијата на учениците,а тоа пак ќе резултира со потрајни и поквалитетни знаења кои учениците да можат практично да ги применат.

Подготовката на проекти и аплицирање до соодветни фондови ќе овозможи размена на искуства и знаења преку учество во проекти од државен и меѓународен карактер,подобрување на квалитетот на наставата како и обезбедување средства за реализација на проекти, како и подигнување на квалитетот на практичната настава.

За користење на предвидените машини и уреди од проектот за набавка на опрема во училишната работилница, предвидено е во поектот да се организираат обуки за професорите од електро и машинската струка.

За професорите од машинска струка ќе се реализираат стручни обуки за работа на AUTO CAD,цртање во 3D програми како што се SOLIDWORKS,

Inventor,програми за рачно и автоматско програмирање на CNC машини(струг, глодалка),работа на компјутерски мрежи и работа на PLC.

Од електротехничката струка ќе се реализираат обуки за Програмирање и користење DUINO, PLC, RaspberryPI, роботи манипулатори и користење на 3Dпринтер и скенер.

Од сообраќајна струка обука за Вештачење сообраќајни незгоди.

Обуки за стручната служба ќе се реализираат за Инклузија и Работа со ученици со посебни образовни потреби.

Исто така тековно ќе се реализираат обуки предвидени по програма од БРО и ЦСОО за сите струки и профили.

Со обукитенаставниците ќе се во тек со современите трендови во науката и техниката, што ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата, зголемување на мотивацијата на учениците за учење, поголема применливост на стекнатите знаења на пазарот на трудот.

3.Набавка на нагледни средства и помагала, опрема, инструменти, алат,прибор и литература

Со набавка на нагледни средства и помагала, опрема, инструменти, алат и прибор ќе се постигне повисок степен на квалитет на изведување на наставата, а со тоа ќе се постигне повисок квалитет и квантитет на ученичките знаења. Набавките на горенаведените елементи ќе се изведуваат парцијално секоја учебна година по предлог барањето на активите на училиштето, согласно со нивните потреби како и финансиските можности за нивно набавување.

Во тек е набавката две CNC машини (струг и глодалка),Лего роботи, PLC, робот рака, 3D принтери и друга опрема предвидена со проектот за опремување на училишната работилница (средствата за проектот се обезбедени преку грант од РЦФ – фондот,KFWбанка од Република Германија.Ќе се формира и опреми автомеханичарска работилница со неопходната опрема (дигалка, уред за центрирање, компјутерска дијагностика, вулканизерска опрема). Уште ќе бидат набавени доплнителни персонални компјутери за потребите на кабинетите по информатика и програмирање.

Набавка на потребната литература по сите предмети по кои се јавува недостаток од истата, а со цел поквалитетна подготовка за реализирање на наставните планови и програми што ќе придонесе за поголема мотивација и интерес на учениците. Набавките на горенаведената потребна литература ќе се изведува парцијално секоја учебна година по предлог барањето на активите на училиштето, согласно потребите.

Осовременување и обнова на кабинетите по струки ќе придонесе до повисок степен на квалитет во изведувањето на наставата, поголема нагледност што ќе овозможи полесно совладување на знаењата како и потрајни знаења на учениците, поголема мотивираност за работа кај наставниците и учениците.

4.Вклучување и учество во проекти

ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид е учесник на тридневниот Меѓународен натпревар „БАЛКАН ЈУНИОР“ на електротехнички/машински центриод Лабин (Хрватска), Ваљево (Србија), Зеница (Босна и Херцеговина),Никшиќ (Црна Гора), Истанбул (Турција), Констанца

(Романија), Велење (Р. Слованија) и Охрид (Р. Македонија).Со овој проект земјите се поврзуваат во областа на електротехниката и машинството, се разменуваат искуства, се унапредува меѓу културната соработка, се запознаваат со системот на образование и начинот на живот во другите држави.

Целта е да се подигне нивото на знаења и компетенции на учениците и професорите во средните стручни училишта.Ова е собир на млади и креативни луѓе кои разменуваат знаења и искуство.Натпреварот е составен од два дела: теоретски и практичен. Теоретскиот дел се состои од прашања и задачи од областа на автоматиката, програмирањето, електрониката, електрични машини, електрични инсталации, физика и машинство. Најатрактивен дел од натпреварувањето е практичниот дел, кој се состои во тимска изработка на однапред поставена практична задача од претходно наведените области.

Следен домаќин на ова балканско натпреварување ќе биде Техничкото училиште од Велење, Република Словенија.

Проширувањето на соработката со овие училишта продолжува и во периодот после натпреварот преку размена на ученици и професори кои

ќе одат во посета на некои од нив.Во рамките на тие посети активно ќе бидат вклучени учениците и професорите во воспитно – образовниот

процес со цел да стекнат нови искуства кои ќе ги пренесат во нашето училиште.

Вклученост во“Erazmus +”проектина кој посветено работи нашето училиште и аплицира како носител на проекти, но и како партнер на училишта надвор од нашата држава. Со учество на ученици и професори од машинската и електротехничката струка се изведуваат неколку неделни обуки и размена на искуства и знаења кои се од меѓународен карактер и соработка.Обуките се изведуваат во партнер училиштата и компаниите во државата каде се спроведува истата.

Во тек е реализација на Ерасмус проектHealthy mind, bright future - Raising awareness among young people about mental health care – Здрав ум, светла иднина – Подигнување на свеста за менталното здравје преку младите и партнери сме во реализација на проектот „A Stem Approach Bridges Between Countries: Understanding Natural Disasters and Climate Change with an Educational and Instructive App Design“ каде носител на проектот е „Vocational and Technical Anatolian High School“ од Турција.

Партнерска соработка во учество на RICOпроект со училиште од Ужице Република Србија преку размена и културна соработка на ученици од двете држави, а исто така остваруваме соработка и со други образовни институции и компании од змјава и странство.

Формирање и регистрација на реална компанија од електротехничка и машинска струка.

5.Изведба на градежни работи и реконструкции

Проектот за санација и рехабилитација на просториите во училишната работилница ќе се реализира во текот на 2025 година. Средствата за реализација на овој проект се обезбедени преку МОН.

Поставување на фотоволтаични соларни панели на кровот од училиштето за производство на 40кWелектрична струја е проект кој ќе се реализира со обезбедени средства од МОН во текот на 2025 година.

Изградба на надградба над административната зграда и поврзување по катност со училишната зграда, ќе придонесе за зголемување на бројот на кабинети во училишната зграда и опремување на амфитеатар во состав на овој проект.Изградба на спрат над училишната зграда и над работилницата со што би се добиле поголем број на училници и кабинети и можност да се воведе едносменско работење во училиштето.

Реновирање на тоалетите во училишната зграда и административниот дел.

Зголемување на бројот на поставени камери во работилницата во функција на безбедноста на Центарот и подобрување на редот и дисциплината во училиштето. Досега се поставени 20 камери кои се доволни за целосно покривање на училиштето и училишниот двор, но не и за работилницата, затоа оваа точка е ставена како дел од приоритетите за изведување.

Уредување на училишниот парк, поставување на фонтана во дворот, обновување на училишната ограда.

Реализација и на други тековни проекти.

„Нашето училиште да биде безбедна и креативна средина со современа образовна технологија која ќе подготвува квалитетни кадри од областа на техниката, конкурентни на пазарот на трудот во регионот и пошироко.“